Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ___________ година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово-Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, општина Гостивар (км 37+716 – 53+127), кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект за градби од стратешки интерес за изградба на патен коридор 8, делница на автопат: Тетово-Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, Општина Брвеница, Општина Врапчиште, општина Гостивар (км 37+716 – 53+127), нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Патниот правец како градба од стратешки интерес има посебно сообраќајно и стопанско значење во патната мрежа на Република Северна Македонија поврзувајќи ја Источна со Западна Македонија, но тој во исто време е и пат со меѓународно значење поврзувајќи се со патиштата надвор од границите на државата. Со поповолни технички и техничко експлоатациони карактеристики патниот правец во иднина ќе овозможи брз, економичен, удобен и безбеден сообраќај и ќе одговара на потребите на сообраќајната подобност и капацитет. Почетокот на трасата е планирана пред постојната наплатна станица кај Тетово, а крајот би бил пред постојната наплатна станица во Гостивар и во основа ја следи постојната траса на патниот правец од Тетово кон Гостивар, со што нема да се предизвика значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Вкупната должина на делницата е околу 17,5 км.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-3993/4
Датум: 28.09.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE * СКОПЈЕ